# Понуда за преземање

НЛБ Банка АД Скопје, Служба за услуги со хартии од вредност, банка регистрирана во Република С.Македонија со службена адреса на ул. Мајка Тереза бр.1, 1000 Скопје („**Банката**"), во име и за сметка на друштвото Трговско друштво за трговија, производство и услуги на големо и мало Прехрамбена индустрија Свисслион ДОО увоз-извоз Скопје, со скратен назив **Прехрамбена индустрија Свисслион ДОО Скопје**, со седиште на Ул. Јадранска магистрала бр.127, Визбегово, Скопје, и ЕМБС 5229782 („**Преземач**") во согласност со член 16 и член 20 од Законот за преземање на акционерски друштва, ја дава следнава

## П О Н У Д А   З А   П Р Е З Е М А Њ Е

на 8.364 акции издадени од акционерското друштво **Агроплод АД Ресен за производство, преработка и промет увоз извоз со П.О**, регистрирано во Централниот регистар на Република С.Македонија со ЕМБС 4002024 и седиште на Ул. 29-ти Ноември бр.6, Ресен („**Агроплод АД Ресен**").

1. Понудата за преземање се однесува на 8.364 обични акции со право на глас издадени од Агроплод АД Ресен со ИСИН број: MKAGRO101015 (преземачот веќе поседува 18.116 обични акции, односно 68,41% од вкупниот број издадени акции со право на глас)

2. Понудата за преземање се однесува на сите акционери кои поседуваат обични акции со право на глас издадени од Агроплод АД Ресен.

   Преземачот се обврзува да ја купи секоја обична акција со право на глас издадена од Агроплод АД Ресен во согласност со пропишаните и објавените услови.

3. Преземачот се обврзува да ги откупи акциите по цена од 13.530 денари по акција.

   - Согласно член 14, став 2 од Законот за преземање на акционерски друштва, преземачот ја утврди цената по која ќе се откупуваат хартиите од вредност врз основа на цената која ја плати за акциите во претходна постапка на јавна понуда за издавање на акции од втора емисија на акции од страна на друштвото Агроплод АД Ресен, а во која преземачот ги откупи сите понудени акции. Постапката беше реализирана во месец Април, а акциите беа купени по понудената продажна цена од 13.530 денари по акција.
   - Во класично тргување, со акциите на Агроплод АД Ресен не се склучени трансакции во последните 12 месеци пред известувањето за Намерата за преземање.

4. На имателите на хартии од вредност издадени од Агроплод АД Ресен нема да им се наплатуваат трошоци за прифаќање на Понудата за преземање, односно трошоците кои ги наплаќа Централниот депозитар за хартии од вредност за спроведување на ограничувањето на сметките за хартии од вредност и исплатата на паричните средства ќе ги сноси Преземачот.

5. Согласно член 34 од Законот за преземање на акционерските друштва, Преземачот депонираше банкарска гаранција во Централниот депозитар за хартии од вредност во износ кој е доволен за да се исплатат сите иматели на акции од Агроплод АД Ресен што ја прифатиле Понудата за преземање по понудената цена.

Централниот депозитар за хартии од вредност ги префрла паричните средства на банкарската сметка која акционерот на Агроплод АД Ресен што ја прифатил Понудата за преземање, ја навел во писмената изјава за прифаќање на Понудата за преземање, во рок од 8 (осум) дена по приемот на решението на Комисијата за хартии од вредност со кое се утврдува успешноста на Понудата за преземање.

6. Рокот за прифаќање на Понудата за преземање започнува на денот на објавување на Понудата за преземање и завршува 30 (триесет) календарски дена по започнувањето на рокот за прифаќање на Понудата за преземање.

   Рокот за прифаќање на Понудата за преземање започнува на 09.07.2020 год. и завршува на 07.08.2020 год.

7. Не се определува најмала количина на обични акции со право на глас на кои се однесува Понудата за преземање која треба да биде прифатена за Понудата за преземање да се смета за успешна, односно Преземачот нема утврдено праг на успешност.

8. Со оглед на тоа што за стекнување на хартиите од вредност, предмет на оваа понуда за преземање не е потребна согласност од друг надлежен орган, оваа понуда не содржи услов за раскинување.

Скопје, 08.07.2020 год

НЛБ Банка АД Скопје
ОЕ 3039
02

НЛБ Банка АД Скопје
Служба за услуги со хартии од вредност